ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **16.12.2019 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов** ,Раководител за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска** , Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет Биљана Тасевска.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум, при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Список за прием на гости од сите институции,подрачни министерства ,претставници на граѓански здруженија за коктел кој ќе се одржи на ден 26.12.2019 година во 12 часот
-посета на патронажните служби на ден 31.12.2019 година

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

**Одделение за финансиски прашања**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се настојува дел од поднесените барања од страна на странките да бидат одговорени до 25.12.2019 година.

-Поставениот оштетен промотивен материјал при промена на уличното осветлување ќе биде отстранет а за останатиот да бидат известени од страна на комуналните редари дека ќе треба да бидат подмирени трошоци за нивното поставување.

-Предметите за градежно земјиште кои се веќе во систем да се завршат до 31.01.2020 година,а новите предмети да ги задолжуваат Стевче Христовски и Татјана Ѓеоргиевска.

-Да продолжат активности преку ЈП Комуналец за кој од порано има дадено барање за извршување.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се даде задложение до 25.12.2019 година да се изготви документи на завршени предмети за легализација со име и презиме и површина .

-Да се дефинира опфат на улици од страна на Билјана Ц.Тасевска и до крајот на Јануари да се спреми за седница на совет.

-Да се дадат задачи на комисијата за легализација да направи увид на терен.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дефинира деталната агенда за 30.12.2019 година со институциите за новогодишната програма,и да се усогласат термините .

-Предлог термин за одржување на прес конференција е до крајот на тековната недела за проектот подобра спортска инфраструктура за подобро здравје за сите подржан со грант од Амбасада на Бугарија во СРМ.

Информативните табли за почеток и реализација на проектот да бидат поставени на спортскиот комплекс и кај мотел Македонија.

На веб страната да се објават повеќе соопштенија:

-Соопштение за поставување на тезги за новогодишно украсување .

-Соопштение за свинска чума дека се забранува користење на таков добиток во градскиот реон во спротивно следуваат казни.

-Повикот за Совет на млади да биде објавен повторно.

-Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-До 25.12.2019 година да се достави табеларен список до одделение за финансии за сите канцеларии кои се дадени со договор за нивно користење и дали трошоците се подмирени .

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Писмен допис до фирмата која треба да ги отстрани објектите позади осмокатница до крајот на месец Декември.

-Секој работен ден после 9 часот сите комунални редари да бидат излезени на терен и да ги извршуваат обврските за кои се задолжени со поднесување на писмен неделен извештај до раководителот а на крајот на месецот да бидат доставени до градоначалникот.

-Зоран Павловски да излезе на терен и да се спроведе постапка за формирање на заедница на станари секаде каде нема формирано.

-Тековни активности и проблеми

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Регулација на водотек од резервоарот кај тениското игралиштето

-Тротоарите на улица 8ми Октомври да се вратат во нормална положба со расчистување на улицата.
-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

По барање на директорот Драган Величковски ќе се изврши проценка на зградата на ЛУ Градски музеј од страна на општинските проценители во текот на денот со даден налог од страна на секретарот:

-Тања Ѓеоргиевска
-Стевче Христовски и
-Валентина Ангеловска за кои ќе бидат изготвени решенија од страна на секретарот за вршење на таа должност.

Се забранува праќање на предмети по странки за потпис истите треба да бидат доставувани од службените лица.

Раководителите да водат евиденција за своите вработени околу нивното отсуство.

Материјалите за седница на совет која ќе се одржи на ден 27.12.2019 година да бидат доставени до 19.12.2019 година а координација ќе биде одржана на ден 20.12.2019 година.

**16.12.2019 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**